**20151474157**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерство,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 август 2015 година.

Бр. 08-3695/1
24 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Член 1

Во Законот за волонтерство („Службен весник на Република Македонија" број 85/2007 и 161/2008), членот 22 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на организаторот на волонтерската работа ако:

- не го извести Министерството за труд и социјална политика за почетокот на волонтирањето на странското лице (член 8 став 2);
- постапи спротивно на член 9 од овој закон;
- не ја надомести штетата на волонтерот (член 12 став 2);
- постапи спротивно на членот 13 од овој закон;
- не склучи договор за волонтерство во писмена форма (член 14 став 1 и 3) и
- не води евиденција за волонтерската работа (член 19 став 1).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице кај организаторот на волонтерската работа.

(3) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на функционерот кој раководи со органот организатор на волонтерската работа или друго овластено лице кај организаторот на волонтерската работа."

Член 2

Членот 23 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на организаторот на волонтерската работа, ако склучи договор со цел да избегне склучување на договор за вработување (член 17).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице кај организаторот на волонтерската работа.

(3) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на функционерот кој раководи со органот организатор на волонтерската работа или друго овластено лице кај организаторот на волонтерската работа."

Член 3

Во членот 24 зборовите: „до 200” се заменуваат со зборовите: „до 100”.

Член 4

По членот 24 се додава нов член 24- а кој гласи:

„Член 24-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.“

Член 5

Се овластува Законодавно - правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за волонтерство.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.